Општина Кривогаштани
ул.Филип Втори бр.84 Кривогаштани тел ++38948471280
opstina_krivogastani@yahoo.com www.krivogastani.com

24-5531/3
14.05 2024 год
КРИВОГАШТАНИ

Врз основа на член 44 став (7) и член 62 став (3) од Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ“ број 32/20 и 111/23), а постапувајќи по Предлог за одобрување на Проектна програма за изработка на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани со моќност до 3 мW, (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се поставуваат на земјиште) на КП бр.489/2 КО Врбјани, општина Кривогаштани, за инвеститор „РАБИ ТРЕЈД“ ДООЕЛ увоз-извоз Битола, со тех.бр. 109/2024 од Април 2024 год. изработена од Друштво за проектирање, инженеринг, консалтинг „Џон и Џони“ ДОО Прилеп, подружница „Студио Џон и Џони“ ДОО Скопје со површина на плански опфат од 37 194 м², Градоначалникот на Општина Кривогаштани, го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е

СЕ ОДОБРУВА Проектната програма за изработка на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани со моќност до 3мw, (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се поставуваат на земјиште) на КП бр.489/2 КО Врбјани, општина Кривогаштани, за инвеститор “РАБИ ТРЕЈД“ ДООЕЛ увоз-извоз Битола, со тех.бр. 109/2024 од Април 2024 год. изработена од Друштво за проектирање, инженеринг, консалтинг „Џон и Џони“ ДОО Прилеп, подружница „Студио Џон и Џони“ ДОО Скопје со површина на плански опфат од 37 194 м², аплицирана во информациски систем е-урбанизам во делот на постапките ПП со број 61548.

Образложение

Врз основа на поднесено Барање за одобрување на Проектната програма за изработка на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани со моќност до 3мw, (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се поставуваат на земјиште) на КП бр.489/2 КО Врбјани, општина Кривогаштани, за инвеститор „РАБИ ТРЕЈД“ ДООЕЛ увоз-извоз Битола, со тех.бр. 109/2024 од Април 2024 год. изработена од Друштво за проектирање, инженеринг, консалтинг „Џон и Џони“ ДОО Прилеп, подружница „Студио Џон и Џони“ ДОО Скопје со површина на плански опфат од 37 194 м², заверено под број 24-553/1 од 18.04.2024 година во информациски систем е-урбанизам во делот на постапките ПП беше аплицирана постапка за одобрување на проектна програма заведена под број 61548.

Кон барањето беа приложени следните документи:

-Барање за одобрување на Проектна програма за изработка на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани со моќност до 3мw, (фото-

напонски панели за производство на електрична енергија кои се поставуваат на земјиште) на КП бр.489/2 КО Врбјани, општина Кривогаштани, за инвеститор „РАБИ ТРЕЈД“ ДООЕЛ увоз-извоз Битола и

- Проектна програма за изработка на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани со моќност до 3mw, (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се поставуваат на земјиште) на КП бр.489/2 КО Врбјани, општина Кривогаштани, за инвеститор „РАБИ ТРЕЈД“ ДООЕЛ увоз-извоз Битола, со тех.бр. 109/2024 од Април 2024 год. изработена од Друштво за проектирање, инженеринг, консалтинг „Џон и Џони“ ДОО Прилеп, подружница „Студио Џон и Џони“ ДОО Скопје, (pdf и dwg) формат.

Комисијата за урбанизам постапувајќи по барањето и разгледувајќи ја приложената документација до градоначалникот на Општина Кривогаштани достави Предлог за одобрување на проектна програма за изработка на УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ вон опфат на урбанистички план за формирање на градежна парцела со намена Е1.13 – површински соларни и фотоволтаични електрани со моќност до 3 mw, (фото-напонски панели за производство на електрична енергија кои се поставуваат на земјиште) на КП бр.489/2 КО Врбјани, општина Кривогаштани, бр.24-553/2 од 23.04.2024 година.

Врз основа на претходно наведеното како и по изршениот увид во приложената документација, Градоначалникот на општина Кривогаштани утврди дека се исполнети условите за одобрување на Проектната програма односно истата е изработена согласно Законот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ“ број 32/20 и 111/23) и Правилникот за урбанистичко планирање („Сл.весник на РСМ број 225/20, 219/21, 104/2022 и 99/2023).

Правна поука: Против ова решение незадоволната страна може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на ова решение, преку овој орган до министерот кој раководи со органот на државна управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот.

Жалбата се таксира со 250 денари административни такси.

Изработил:
Гоце Нешкоски

Градоначалник
на Општина Кривогаштани
Николче Мискоски